РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-186/2
04-04-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 84-та седница одржана на 31.03.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2148/1 од 08.06.2021 година, оформен по доставена пријава во врска со Решение УП. бр. ------/------- од ---------- година донесено од Министерството за финансии, Управа за имотно правни работи – Подрачно одделение за првостепена постапка Скопје – ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-2148/1 од 08.06.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, ---------- на ден 08.06.2021 година, поднесена е пријава во врска со Решение донесено од Министерството за финансии, Управа за имотно правни работи – Подрачно одделение за првостепена постапка Скопје – -------- и оформен е предмет број 12-2148/1 од 08.06.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека врз основа на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени на „----------" ДООЕЛ од ----------, во кое било погрешно наведено дека на предметната катастарска парцела не постои објект, за кој подносителот наведува дека е неговото место на живеење, Министерството за финансии Управа за имотно правни работи – Подрачно одделение за првостепена постапка Скопје – ---------, без претходно да ја провери валидноста на податоците од елаборатот, донело Решение УП. бр. ----------/--------- од ---------- година со кое му престанува правото на користење на идеален дел на недвижност, во корист на Република Северна Македонија.

Исто така, Првостепената комисија при Министерството за финансии прибавила информации од страна на Министерството за внатрешни работи за запишаната адреса на лицето ----------, каде повторно имало несогласување на податоците, односно било наведено дека подносителот на пријавата ---------- има последно пријавена адреса на живеење на ул. ---------- бр. ---, додека адресата во имотниот лист за предметната катастарска парцела била ул. ----- бр. -----.

За ова подносителот наведува дека е целосно неточно и дека на адресата ---------- бр. --- постоел објект на кој подносителот имал право на сопственост и дадено право на

користење на дел од предметната КП, додека тоа што имало несогласување на податоците и даденото право на користење било запишано на друга адреса во однос на ардесата од личните документи, односно на ул. ------- бр. ----, било како резултат на преименувањето на улиците во Скопје. Воедно потсетува и на тоа дека во минатото во Градот Скопје сите улици биле заведени со броеви и дека токму улицата со број ---- била подоцна преименувана во ----------, како и тоа дека тој веќе подолго од 60 години живее на истата адреса.

За горенаведеното подносителот наведува дека поднел жалба согласно правната поука наведена во споменатото решение, односно до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со цел обезбедување на информација за тоа дали подносителот доставил жалба во врска со донесеното решение од Министерството за финансии, како и за исходот од надлежното постапување.

Во законски утврдениот рок, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен достави одговор на барањето во кој е наведено дека било постапувано по доставената жалба од страна на лицето ----------, по што на одржана седница донела Решение со кое жалбата на подносителот била уважена, Решението со бр. УП. бр. -----/----- од ---------- година донесено од Министерството за финансии, Управа за имотно правни работи – Подрачно одделение за првостепена постапка Скопје – --------- било поништено, а предметот го вратила на повторно одлучување и постапување од страна на првостепениот орган.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: м-р В.Г.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Катица Николовска